Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година) и Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 17.06.2019 година, во врска со Предлогот бр.03-3121/1 од 12.06.2019 година за покренување прекршочна постапка против операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен надзор бр.11-3015/1 од 05.06.2019 година на Трговско радиодифузно друштво – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово и утврди дека субјектот на надзорот не постапил по Решението за јавна опомена и за исклучување на реемитување на програмските сервиси (Уп1 бр.03-289 од 22.05.2019 година), односно не го усогласил своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Советот заклучи против Трговско радиодифузно друштво – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд. Наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет ги реемитува програмските пакети RTS Svet и RTS 2 кои што не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно и покрај Решението за изрекување мерка опомена донесено на 22.05.2019 година, Трговско радиодифузно друштво – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор на електронска комуникациска мрежа.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-3120/2

17.06 2019 година

Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediale audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP